Во периодот од 27 јуни до 30 јуни 2017 година, во ООУ „Тихомир Милошевски“ се одржа летен камп по англиски јазик во организација на општината Ѓорче Петров и невладиното здружение „Корени“ . Во работилниците на летниот камп учество земаа 60-тина ученици и 20-тина наставници од основните училишта од општината Ѓорче Петров. Учениците имаа можност да го збогатат своето знаење по англиски јазик на темата Дивиот Запад преку учество во работилници со најразлични активности: игри, приказни, драматизации, рачни изработки, танци. На првиот ден од летниот камп, добредојде на сите ученици - љубители на англискиот јазик и наставници им посакаа Директорката на ООУ „Тихомир Милошевски“, Анета Божиновска и претставникот од општината Ѓорче Петров, Бошко Стојанов. На последниот ден од летниот камп кога беше доделувањето на сертификатите за успешно учество на учениците и наставниците, им се обрати и им честита градоначалникот на општината Ѓорче Петров, г-дин Сокол Митровски со надеж дека соработката ќе продолжи и во следните години.








BANK

